# Прирачник за најчести грешки при спроведувањето на постапките за доделување на договор за јавна набавка

Државен завод за ревизија

Биро за јавни набавки

Септември, 2015 година

# Вовед

Јавниот сектор претставува важен сегмент во пазарот на една земја. Потрошувачката од националниот и од локалните буџети, како и од јавните претпријатија каде државата има доминантно влијание во управувањето, а со тоа и во трошењето на нивните средства, е огромна во сите земји во светот.

Државата не само што влијае врз пазарот со својата законодавна и регулативна функција, туку е и најголем купувач на стоки, услуги и работи, така што начинот на нивно набавување може значително да влијае за развојот на здрава пазарна економија и конкуренција помеѓу учесниците на пазарот.

Јавните набавки претставуваат збир на активности што ги извршуваат договорните органи, со цел да се стекнат со одредени стоки, добијат одредени услуги или изведат одредени работи.

Влијанието на јавните набавки врз пазарната економија е големо и истото можеше да се забележи во услови на светската економска криза, па така на пример во земјите чии економии се одликуваат со голем јавен долг, јавните набавки се користеа од страна на владите со цел контрола и намалување на јавните расходи. Од друга страна, земјите како САД и Кина ја решаваа кризата со имплементирање на политика на големи економски поттикнувања насочени кон одржување на побарувачката на пазарот и иновациите. Значаен дел на таквите пакети за поттикнување се темелат на јавните набавки.

Јавните набавки во Република Македонија се во постојан раст што може да се забележи и од споредбената анализа за 2013 и 2014 година  во Графиконот број 1 каде  е прикажано учеството на јавните набавки во Буџетот на Република Македонија, односно учеството на јавните набавки во бруто домашниот производ на Република Македонија во последните две години.

**Графикон број 1**




Токму поради таквиот раст потребно е постојано унапредување на системот на јавни набавки во Република Македонија. Унапредувањето на системот треба да се врши континуирано и да биде сеопфатно, започнувајќи од спроведувањето на постапките за доделување на договори за јавни набавки, преку реализацијата на договорите и завршувајќи со ревизијата на јавните набавки, како начин за контрола и корекција на можните неправилности.

Потребно е да се развие свест кај договорните органи во Република Македонија дека воспоставениот систем на јавни набавки е комплексен и променлив, а оттука се јавува потребата од континуирано усовршување и обучување на лицата кои непосредно се ангажираат при спроведувањето на јавните набавки. Од овие причини целта на овој водич е на договорните органи да им ги посочи најважните чекори кои треба да се преземат во фазите на спроведувањето на јавните набавки со цел да се избегнат грешки и да се обезбеди правилна примена на Законот за јавните набавки.

# Планирање на јавните набавки

Едно од основните начела врз кое се темели процесот на јавните набавки е рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавна набавка, со што договорните органи законски се обврзуваат да обезбедат финансиска дисциплина при трошењето на јавните средства.

Планирањето на јавните набавки е првиот чекор кој се презема за исполнување на ова начело. Доброто планирање на набавките ги отсликува потребите на договорниот орган и овозможува благовремено и координирано спроведување на постапките за јавна набавка со што се обезбедува оптимално и непречено функционирање во рамки на обезбедените финансиски средства.

**<u>Наоди на Државниот завод за ревизија</u>**

Во рамки на вршење на планираните ревизии при ревидирањето на јавните набавки кај субјектите предмет на ревизија во периодот од 2011 до 2014 година, Државниот завод за ревизија утврди повеќе нерегуларности во фазата на планирање. Овие податоци може да се видат во Графиконот број 2 од кој може да се добие слика за процентот на констатирани нерегуларности направени во фазата на планирање, во однос на вкупниот број на наоди, како на пример: извршени набавки без спроведување на постапка за јавна набавка, извршени набавки пред склучувањето на договорот и извршени набавки по стари договори од минати години.

**Графикон број 2**



**Примери на утврдени наоди**

- Договорниот орган не го изготвил Годишниот план за јавни набавки во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишниот план за јавни набавки и во него не се наведува проценетата вредност на договорите, поради што ревизијата не беше во можност да се увери дали истиот е донесен врз основа на утврдените средства за финансирање;
- Годишниот план за јавни набавки не е донесен во законски утврдениот рок;
- Планот за јавни набавки не е донесен во согласност со утврдените/обезбедените средства за финансирање, односно истиот е донесен на повисок износ за 149.859 илјади денари од финансискиот план;
- Договорниот орган не извршил измена и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за дополнително спроведени постапки и склучени договори/анекси кон договори во износ од 8.705.000 денари.

**Препораки за договорните органи:**

За да обезбеди законско постапување при планирањето на јавните набавки договорниот орган треба да ги преземе следниве чекори:

- До крајот од јануари во тековната година да донесе Годишен план за јавните набавки (во натамошниот текст План) кој ќе биде изготвен во согласност со *Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на Годишниот план за јавни набавки* (Службен весник на РМ бр.84/2012), каде набавките ќе бидат распоредени по видови на стоки, услуги и работи и ќе се определи очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот, видот на постапката за доделување на договорот и предметот на набавката.
- Набавките предвидени со Планот треба бидат во рамки на обезбедените финансиски средства и да ги отсликуваат реалните потреби на организационите единици во рамките на договорниот орган. За да се обезбеди планирање во рамки на утврдените средства за финансирање потребно е да се изврши процена на вредноста на договорот за јавна набавка која ќе соодветствува со реалните пазарни цени и која ќе биде извршена во согласност со *Правилникот за начинот на проценување на вредноста на договорите за јавни набавки* (Службен весник на РМ бр.84/2012). При

изготвување на Планот, договорните органи треба да ги предвидат набавките за кои се обезбедени финансиски средства и кои се приоритетни за неговото работење. На овој начин се избегнува ризик од спроведување на постапки за јавна набавка, а подоцна и преземање на обврски по доделен договор за кои е неизвесно обезбедувањето финансиски средства во иднина. Повеќегодишните потреби од набавка, освен со планот потребно е да се планираат со буџетот, инвестициона програма или со финансиски план за соодветната година.

- Кај договорните органи во текот на годината се јавуваат потреби од вршење на дополнителни набавки во зависност од моменталните потреби, промена на динамиката на реализација на обезбедените финансиски средства, промена на приоритетите и разни други околности кои можат да произлезат. За секоја дополнителна набавка треба да се обезбедат финансиски средства, а потоа да се изврши измена и дополнувања на Планот. Законот за јавните набавки не предвидува ограничување за договорните органи во поглед на тоа колку измени и дополнувања на Планот можат да извршат во текот на годината.
- Износите на Одлуките за јавна набавка и вредноста на доделените договори не треба да бидат над предвидените износи во Планот за да се избегне склучување на договори за кои не се обезбедени доволно финансиски средства.
- Договорниот орган не треба во Планот да предвиди набавување на стоки, услуги и работи од ист вид со доделување на повеќе посебни договори како би избегнал спроведување на определен вид на постапка.

# Одлука за јавна набавка

За потребата од јавна набавка одлучува договорниот орган со донесување на одлука согласно член 28 став 1 од законот за јавните набавки. Во одлуката за јавна набавка задолжително се наведува:

- Предмет на набавка (видот и количината на набавката);
- Извор и износ на средствата и сметка од која ќе се изврши плаќањето;
- Постапката која ќе се спроведува;
- Начинот на спроведување на постапката (хартиена форма или електронски);
- Начинот на завршување на постапката (електронска аукција или рамковна спогодба);
- Претседател и комисија за јавна набавка и нивни заменици;
- Ангажирање на надворешни стручни лица;
- Обврски кои комисијата треба да ги изврши согласно со Законот за јавните набавки;
- Причини и образложение во случај на спроведување на постапката со преговарање и конкурентниот дијалог, како и итните причини за намалување на роковите пропишани со закон.

**<u>Наоди на Државниот завод за ревизија</u>**

Во рамки на вршење на планираните ревизии при ревидирањето на јавните набавки кај субјектите предмет на ревизија во периодот од 2011 до 2014 година, Државниот завод за ревизија утврди повеќе нерегуларности во фаза на носење на Одлуките за јавна набавка. Овие податоци може да се видат во Графиконот број 3 каде е прикажано учеството на овие неправилности во однос на вкупниот број на наоди кои се однесуваат на јавните набавки во рамки на извршените ревизии од Државниот завод за ревизија.

**Графикон број 3**



**Примери на утврдени наоди**

- Договорниот орган во Одлуките за јавна набавка не ги наведува утврдените извори на финансирање потребни за реализација на договорот. Ваквата состојба влијае врз правилна распределба и резервирање на финансиските средства за определена намена;
- Договорниот орган во три спроведени постапки доделил договори за јавна набавка чиј вкупен износ го надминува износот превиден со Одлуките за јавна набавка за 9.232.000 денари. Утврдената состојба создава ризик од преземање на обврски за кои не се целосно обезбедени финансиски средства.

## Тендерска документација

Тендерската документација претставува збир на документи, информации и услови кои претставуваат основа за изготвување, доставување и оценување на пријавата за учество, односно понудата. Оваа документација треба да обезбеди доволно информации за да може економските оператори правилно и во рок да ја изготват пријавата за учество, односно понудата.

Тендерската документација се изготвува на начин кој ќе ја поттикне конкуренцијата, односно таа не треба да содржи ништо што ќе ја ограничи конкуренцијата или што ќе понуди нефер предност на некој од учесниците. Со неа треба, што е можно појасно да се дефинира предметот на набавка, критериумите за способност што треба да ги задоволат економските оператори, како и сите услови што треба да ги задоволи техничката и финансиската понуда, за истата да се смета за прифатлива.

**<u>Наоди на Државниот завод за ревизија</u>**

Во рамки на вршење на планираните ревизии при ревидирањето на јавните набавки кај субјектите предмет на ревизија во периодот од 2011 до 2014 година, Државниот завод за ревизија утврди повеќе нерегуларности во фаза на изработка на тендерска документација. Овие податоци може да се видат во Графиконот број 4 каде е прикажано учеството на овие неправилности во однос на вкупниот број на наоди кои се однесуваат на јавните набавки во рамки на извршените ревизии од Државниот завод за ревизија.

**Графикон број 4**



## Примери на утврдени наоди

- При спроведување на постапките за јавна набавка договорниот орган не изработувал соодветна тендерска документација (поедноставена тендерска документација или тендерска документација) или истата не содржела технички спецификации. Неизработувањето на овие документи, односно отсуство на барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, оневозможува економските оператори учесници во постапката да располагаат со целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка и предметот на набавката;
- Со увид во спроведени постапки каде како критериум за доделување на договор за јавна набавка е предвиден економски најповолна понуда ревизијата констатира дека елементите кои го сочинуваат квалитетот не се детално разработени. Исто така утврдено е дека во делот на докажување на техничката способност на економските оператори се бараат дефиниран број сертифицирани лица од определена област. Иако целта на договорниот орган била да се добие најповолна економска понуда, најквалитетна услуга и испорака со што би се намалиле ризиците во деловното работење и расположливост, горенаведеното придонесува да се намали конкуренцијата помеѓу економските оператори;
- Со одлуката за јавна набавка како и со дефинираните технички спецификации договорниот орган извршил упатување на конкретно производство, а во тендерската документација утврдено е задолжително исполнување на условот „понудувачот да е авторизиран партнер на производителот за територија на Република Македонија" со што се врши упатување на конкретен производител без да биде придружено со зборовите "или еквивалентно" и овозможува фаворизирање или елиминирање на определени економски оператори што не е во согласност со законот за јавните набавки.

**Препораки за договорните органи:**

- Тендерската документација ја изготвува договорниот орган и истата ја прави достапна на секој економски оператор заинтересиран за учество во постапката. Деталноста и сложеноста на тендерската документација зависи од обемот и природата на договорот како и од видот на постапката што се спроведува. Бирото за Јавни набавки има изготвено неколку видови на модели на тендерска документација со кои договорните органи можат де се служат при изготвување на тендерските документации;[1]
- Техничката спецификација претставува збир на технички услови, прописи, препораки и стандарди со кои детално се дефинираат минималните барања од технички аспект кои стоките, услугите или работите предмет на договорот за јавна набавка треба да ги задоволат. Имено, со техничките спецификации на објективен и недискриминирачки начин се опишуваат карактеристиките на предметот на договорот со цел да се задоволи конкретната потреба. Тие се однесуваат на квалитет, техничко ниво и ниво на изведба, барања во врска со влијанието врз животната средина и безбедноста при користење, како и димензии, терминологија, симболи, методи на тестирање, пакување, означување и етикетирање и инструкции за користење на стоката, системи за обезбедување на квалитет, услови и постапки за оцена на сообразност со релевантните стандарди или други слични барања.
- Кога со тендерската документација се предвидува економските оператори да исполнат определени критериуми за утврдување на способноста (лична состојба, способност за вршење на професионална дејност, економска и финансиска способност и техничка и професионална способност, стандарди за системи за квалитет и стандарди за управување со животната средина), договорниот орган како доказ за докажување на способноста треба да ги бара исклучиво оние документи кои како можност се предвидени во Законот за јавните набавки. Критериумите за утврдување на способноста не треба да бидат утврдени на начин кој ќе го ограничи учеството на економските оператори во понатамошниот дел од постапката.

---

[1] Моделите на тендерска документација се достапни на следниот линк: http://bjn.gov.mk/bjn-portal/wordpress/?docs=tender-doc

## Оглас за јавна набавка

Договорниот орган има обврска да објави оглас за доделување на договор за јавна набавка кога спроведува отворена постапка, ограничена постапка, конкурентен дијалог или постапка со преговарање со претходно објавување на оглас или спроведува конкурс за избор на идејно решение, кој треба да биде во согласност со содржината на тендерската документација.

Овие огласи задолжително се доставуваат за објавување на ЕСЈН и во „Службен весник на Република Македонија“, додека пак огласите за постапки со барање за прибирање на понуди се објавуваат само на ЕСЈН. Во огласот за доделување на договор за јавна набавка задолжително се објавува и проценетата вредност на договорот без ДДВ.

Доколку проценетата вредност на договорот за јавна набавка, без вклучен ДДВ, е над 50.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги, односно 200.000 евра во денарска противвредност за работи, договорниот орган има и обврска за објавување на огласот во Службено гласило на Европската унија.[2]

**<u>Примери за утврдени нерегуларности:</u>**

- Договорниот орган огласот за доделување на договор за јавна набавка со спроведување на отворена постапка го објавил на ЕСЈН, но не и во Службен весник на Република Македонија.

**<u>Препораки за договорните органи:</u>**

Со објавување на огласот во ЕСЈН запазен е принципот на транспарентност, но не е испочитувана законската обврска за да се објави огласот во Службен весник на РМ. Договорниот орган треба да го објави огласот и во Службен весник во случаите кога тоа е определено со закон.

[2] Ted.europa.eu

# Постапки за доделување на договор за јавна набавка

Законот за јавните набавки ги предвидува повеќе постапки кои договорните органи може да ги користат за да доделат договори за јавна набавка:

Отворена постапка, во која секој економски оператор има право да поднесе понуда.

- Рокови: 45 дена и 36 дена (може да се скратат за дополнителни 5 дена доколку целата тендерска документација е објавена со користење на електронски средства);
- во отворената постапка се спроведува јавно отворање на понудите на кое може да присуствуваат сите економски оператори кои поднеле понуда.

Ограничена постапка, во која секој економски оператор има право да поднесе пријава за учество, а само кандидатите избрани од страна на договорниот орган се поканувaат да поднесат понуда.

- Рок за поднесување на пријавите за учество во првата фаза најмалку 30 дена, за проценетата вредност над 130.000 евра за стоки и услуги и 4.000.000 евра за работи;
- под овој износ рокот е 15 дена;
- секој економски оператор има право да поднесе пријава за учество заради утврдување на неговата способност во прва фаза;
- ако бројот на кандидати кои ги исполнуваат критериумите за утврдување на способност е помал од минималниот број наведен во огласот за доделување на договорот за јавна набавка, договорниот орган:
  - ја поништува ограничената постапка или
  - ја спроведува ограничената постапка само со оние кандидати кои ги исполниле критериумите за утврдување на способност, доколку нивниот број е доволен за да обезбеди вистинска конкуренција;
- во втора фаза понуда можат да поднесат само кандидатите кои поднеле пријава за учество во првата фаза и кои ги исполниле критериумите за утврдување на способност согласно со барањата на договорниот орган;
- рок за поднесување на понудите во втората фаза е најмалку 40 дена доколку проценетата вредност на договорот е над 130.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги и 4.000.000 евра за работи.

Конкурентен дијалог, во кој секој економски оператор има право да поднесе пријава за учество и според која договорниот орган води дијалог со избраните кандидати со цел да се утврди едно или повеќе соодветни решенија кои ќе ги задоволат неговите барања и врз основа на кои избраните кандидати ќе ја изготват својата понуда.

Постапка со преговарање, во која договорниот орган ги консултира избраните кандидати и преговара за условите од договорот со еден или со повеќе од нив. Постојат два вида на постапка со преговарање и тоа: постапка со преговарање со објавување на оглас и постапка со преговарање без објавување на оглас.

Постапка со барање за прибирање на понуди, која е поедноставена постапка за доделување на договор за јавна набавка, која се спроведува кога треба да се доделат договори чија вредност е до 5.000 евра во денарска противвредност, односно 20.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги, односно до 50.000 евра во денарска противвредност за работи.

**Примери за утврдени наоди:**

- Иако договорниот орган во својата организациона поставеност имал утврдено организационен облик во чии рамки ќе се вршат работите од областа на јавните набавки, на дел од раководните лица доделени се овластувања за спроведување на постапки за јавни набавки, склучување на договори и реализација на истите за потребите на организационите единици кои ги раководат, за што со решение одобрени се и финансиски средства. Оваа состојба придонела да се воспостави пракса на делење на договор за јавна набавка на повеќе посебни договори со пониска вредност како и спроведување на набавки за кои веќе е спроведена постапка во тековната година на ниво на договорен орган. Исто така треба да се има предвид дека спроведување на постапки за доделување на договор за јавна набавка од страна на повеќе организациони единици за своите потреби не е во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки од причина што организационите единици не се посебни правни лица и не можат да се јават во својство на договорен орган. Спроведувањето на засебни набавки за потребите на организационите делови во договорниот орган создава ризик од нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.
- Во периодот на вршење на ревизијата Договорниот орган преземал обврски во износ од 10.381 илјада денари за набавка на стоки работи и услуги без да спроведе постапка за јавна набавка

# Евалуација на понудите

Процесот на евалуација започнува со отворање на доставените понуди, а завршува со одлука за доделување на договорот. Процесот вклучува евалуација на способноста на понудувачот (фаза на утврдување на способност) и евалуација на понудите (фаза на доделување). Иако се водени од клучните принципи на недискриминација, еднаков третман и транспарентност, двете фази се целосно одвоени една од друга, имаат посебни цели и за истите постојат посебни правила. Првата фаза од процесот на евалуација се однесува на понудувачите и има за цел да се утврди способноста на понудувачот за исполнување на обврските од договорот. Втората фаза од процесот на евалуација се однесува на понудите и има за цел да се утврди кој понудувач нуди најдобро решение. Евалуацијата на способноста на понудувачот и на понудите се врши согласно критериумите за доделување на договорот кои треба да бидат објавени во огласот за доделување на договор за јавна набавка како и во тендерската документација. Законот за јавните набавки ги пропишува следниве критериуми:

**Критериуми за утврдување на способност на економски оператори:**

- лична состојба;
- способност за вршење на професионална дејност;
- економска и финансиска состојба;
- техничка или професионална способност;
- стандарди за систем на квалитет и
- стандарди за управување со животна средина

**Критериуми за утврдување на најповолна понуда**

- најниска цена;
- економски најповолна понуда (во случаи определени со закон)

**<u>Наоди на Државниот завод за ревизија</u>**

Во рамки на вршење на планираните ревизии при ревидирањето на јавните набавки кај субјектите предмет на ревизија во периодот од 2011 до 2014 година, Државниот завод за ревизија утврди повеќе нерегуларности во фазата на евалуација на понудите. Овие податоци може да се видат во Графиконот број 5 каде е прикажано учеството на овие неправилности во однос на вкупниот број на наоди кои се однесуваат на јавните набавки во рамки на извршените ревизии од Државниот завод за ревизија.

Графикон број 5




**Примери на утврдени наоди:**

- Договорниот орган спровел постапка за инвестиционо одржување на објекти и комплекси во негова сопственост во која со техничките спецификации побарано е од економските оператори да достават цени за трошоци кои не се дефинирани како критериуми во тендерска документација и не влијаат при евалуацијата на понудите, иако понудените вредности се вкалкулирани во спогодбите и доставените фактури и истите влијаат на зголемување на вредноста на извршените работи.
- При извршен увид во постапка за набавка на ИТ опрема ревизијата не доби релевантен доказ дека за елементот квалитет е извршено правилно бодирање поради тоа што избраниот економски оператор кој има максимален број на бодови за квалитет учествува во групна понуда т.е. конзорциум но за истото не е презентиран договор за поднесување на групна понуда како што е превидено со одредбите на законот за јавни набавки

**<u>Препораки за договорните органи:</u>**

Во фазата на евалуација влегуваат само оние понуди кои биле отворени на јавното отворање, односно биле доставени во предвидениот рок. Задоцнетите понуди се враќаат на понудувачот. При евалуација на понудите Комисијата задолжително:

- проверува дали е објавена негативна референца на понудувачите до истекот на крајниот рок за поднесување на понудите;

- ја проверува валидноста и комплетноста на документацијата за утврдување на способност само на понудувачите за кои не е објавена негативна референца во рок од пет работни дена од крајниот рок за поднесување на понудите;

- доколку е потребни бара од понудувачите да ги појаснат или дополнат документите за утврдување способност;

- евалуацијата на понудите се врши исклучиво со користење на критериумите наведени во тендерската документација и во огласот, кои не смеат да се менуваат штом се еднаш утврдени;

- евалуацијата на понудите завршува со рангирање на прифатливите понуди, закажување на електронска аукција или конечна цена и давање на предлог од страна на комисијата за избор на најповолна понуда до одговорното лице кое треба да ја донесе одлуката за избор.

## Досие на постапката

Договорниот орган е должен да оформи досие за постапката за секој доделен договор за јавна набавка или склучена рамковна спогодба. Договорниот орган го чува досието за постапката за доделување на договорот за јавна набавка најмалку пет години од денот на извршувањето на соодветниот договор за јавна набавка.

**Пример на утврдени наоди:**

- Членовите на Комисијата за јавни набавки немаат потпишано Изјави за постоење или непостоење на судир на интереси.

**Препораки за договорни органи:**

Во зависност од спроведената постапка за доделување на договор за јавна набавка, досието за постапката особено содржи:

- одлука за јавна набавка,
- претходно индикативно известување и доказ дека истото е испратено за објавување,
- оглас за доделување на договор за јавна набавка и доказ дека истиот е испратен за објавување,
- тендерска документација,
- пристигнати пријави за учество,
- комуникација меѓу договорниот орган и економските оператори,
- извештај за оценување на способноста на кандидатите,
- одлука за избор на квалификувани кандидати,
- пристигнати понуди,
- записник од јавното отворање,
- изјави за постоење/непостоење на судир на интереси,
- извештаи од надворешните стручни лица,
- извештај за извршената евалуација,
- одлука за избор на најповолна понуда,
- потпишан договор за јавна набавка или рамковна спогодба и
- известување за склучен договор и доказ дека истото е испратено за објавување.

# Склучување и реализација на доделени договори за јавна набавка

Постапката за доделување на договор за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката. Договорниот орган го склучува договорот за јавна набавка со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.

Законот за јавните набавки ја уредува постапката за доделување на договорот кој мора да биде во согласност со условите од тендерската документација и понудата доставена од економскиот оператор. Правата и обврските кои произлегуваат од договорите се уредени со одредбите од Законот за облигациони односи.

**Наоди на Државниот завод за ревизија**

Во рамки на вршење на планираните ревизии при ревидирањето на јавните набавки кај субјектите предмет на ревизија во периодот од 2011 до 2014 година, Државниот завод за ревизија утврди повеќе нерегуларности во фазата на склучување и реализација на договорите за јавна набавка. Овие податоци може да се видат во Графиконот број 6 каде е прикажано учеството на овие неправилности во однос на вкупниот број на наоди кои се однесуваат на јавните набавки во рамки на извршените ревизии од Државниот завод за ревизија.

**Графикон број 6**



**Примери на утврдени наоди:**

- Договорниот орган не воспоставил следење на реализација на доделените договори за јавна набавка, поради што преземал обврски во вкупен износ од 2.179.000 денари над вредноста на склучените договори.
- Договорниот орган спровел постапка за доделување на договор за јавна набавка за сервисирање и одржување на службените возила со кои располага. Со извршениот увид во сметководствената документација и во начинот на реализација на склучените договори, ревизијата утврдила дека доставените фактури содржат цени повисоки од договорените како и резервни делови кои не се предвидени со техничка спецификација. За оние делови кои не се предвидени во техничката спецификација, од документацијата која ја поседува договорниот орган, ревизијата не била во можност да потврди дека истите се фактурираат согласно набавната цена на овластениот дистрибутер за тој дел и дозволената маржа.
- Договорниот орган воспоставил пракса на набавка на определени стоки пред склучувањето на договорите со економските оператори, односно набавките биле извршени во фаза на извршена електронска аукција и извршена евалуација. Иако причините за ваквото постапување биле исцрпување на количините од претходно склучените договори, промена на овластени дистрибутери на стоки или пак промена на цена ваквото постапување не е во согласност со одредбите од законот за јавните набавки
- При увидот во начинот на спроведување и реализација на постапките за јавни набавки кај договорниот орган, ревизијата утврди надминувања на вредноста на склучените договори во вкупен износ од 2.557 илјади денари. Утврдените надминувања произлегуваат од дополнителни испораки на првобитниот носител на набавката а за кои не е спроведена постапка за јавна набавка со преговарање без објавување на оглас

**Препораки за договорните органи:**

- Една од целите на финансиското управување и контрола согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола е *"навремено финансиско известување и следење на резултатите од работењето"*. Поради тоа потребно е договорните органи да воспостават систем на следење на реализацијата на склучените договори за јавна набавка (софтвер, интерни табели итн.), иако Законот за јавните набавки не предвидува назначување на лице кое ќе биде задолжено за следење на реализација на договорите.
  Овој систем ќе обезбеди следење на реализацијата на склучените договори што ќе овозможи навремено алармирање до раководните лица со цел избегнување на преземање обврски над договорените суми и навремено отпочнување нова постапка за јавна набавка. Исто така за да се обезбеди почитување на *началото за рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавна набавка* од голема важност е да се обезбеди квантитативно и квалитативно следење на склучениот договор за јавна набавка, односно договорниот орган треба да воспостави контроли преку кои ќе се увери дека квалитетот на набавените стоки работи или услуги соодветствува со наведеното во понудата која била избрана за најповолна и дека испораката е во согласност со договорените количини.